- правата и обврските на вработените во Општината, следењето и примената на законите, подзаконските акти, колективните договори и други прописи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на административните службеници од областа на работните односи;
- изготвување на општите и поединечните акти за правата, обврските и одговорностите на вработените;
- водењето на персоналната евиденција во општината и водење на евиденциите пропишани како обврска со законските и други прописи од областа на трудот;
- водење на евиденција за присутност на ваработените и за користењето на работното време, изготвува извештаи за тоа и ги доставува до стручната служба за исплата на плати и надоместоци на плати;
- врши пријавување и одјавување на вработените во надлежните органи и стручни служби;
- обезбедување целосна поддршка при реализација на активностите на градоначалникот,

- се грижи за организацијата и за подготовката на белешки и записници од протоколарните и работните средби и состаноци на градоначалникот на општината;
- се грижи за организацијата на состаноците на стручниот колегиум на раководители на сектори во општинската администрација,
- подготвува материјали и информациите што му се потребни на градоначалникот на општината за неговите средби и состаноци,
- организира посети на градоначалникот во странство,
- постапува и решава предмети од областа на локалната самоуправа, работните односи, заштита на личните податоци и безбедност и заштита при работа и законските прописи и другите општи акти што се однесуваат на државните службеници и другите вработени,
- организира, координира и учествува или непосредно изготвува одлуки и други прописи, програми, информации и други акти.

6.1. Одделението за управување со човечки ресурси, ги врши работите што се однесуваат на:
- правата и обврските на вработените во Општината, следењето и примената на законите, подзаконските акти, колективните договори и други прописи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на административните службеници од областа на работните односи;
- изготвување на општите и поединечните акти за правата, обврските и одговорностите на вработените;
- водењето на персоналната евиденција во општината и водење на евиденциите пропишани како обврска со законските и други прописи од областа на трудот;
- водење на евиденција за присутност на варaботените и за користењето на работното време, изготвува извештаи за тоа и ги доставува до стручната служба за исплата на плати и надоместоци на плати;
- врши пријавување и одјавување на вработените во надлежните органи и стручни служби;
- следењето и водењето на кадровската политика во општината и изготвување на анализи, информации и извештаи за кадровската состојба во Општината;
- следење на потребата од пополнување на работните места според систематизацијата на работите и задачите и во врска со тоа соработката со раководителите на организационите единици на Општината;
- селекција и вработување на човечките ресурси и изготвувањето на програми и планови за стручно оспособување и усовршување на административните службеници и следењето на нивното реализирање;
- менаџирање, следење и организирање на семинари и составува извештаи од спроведените семинари, подготвува и спроведува анкети и анализи за евалуација на работниот процес предлага и изготвува процедури за квалитетно извршување на работните должности, спроведување на тестови за способност, интелигенција, креативност, механички способности, знаења, компјутерски тестови и тестови за странски јазици на административните службеници;
- изготвување на процедури за пријавување на вработување и одјавување од работа, спроведување на процесот за оценување на административните службеници, изготвува мислење за предмети поврзани со човечките ресурси, давање на стручна помош при оценување на административните службеници во општината, водење разговори со раководителите околу индикаторите за наградување како и спроведување на дисциплински постапки;
- учествува во изработка на годишна програма за обука и изготвува правилници за работа во соработка со раководителите на сектори и одделенијата, изготвувањето на правилници за организација и

систематизација, правилници за наградување, давање на стручни мислења од областа на човечките ресурси и ги следи и проучува теоретските и практични искуства во земјата и странство за работата од областа на управувањето со човечките ресурси
- постапува и решава предмети од областа на локалната самоуправа, работните односи, заштита на личните податоци и безбедност и заштита при работа и законските прописи и другите општи акти што се однесуваат на државните службеници и другите вработени.

6.2. Одделението за поддршка на Градоначалник, ги извршува работите кои се однесуваат на:
- обезбедување целосна поддршка при реализација на активностите на градоначалникот,
- ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и се грижи за нивната примена,
- се грижи за организацијата и за подготовката на белешки и записници од протоколарните и работните средби и состаноци на градоначалникот на општината,
- се грижи за организацијата на состаноците на стручниот колегиум на раководители на сектори во општинската администрација,
- подготвува материјали и информациите што му се потребни на градоначалникот на општината за неговите средби и состаноци,
- организира посети на градоначалникот во странство,
- организира, координира и учествува или непосредно изготвува одлуки и други прописи, програми, информации и други акти.“

Член 7

Во зависност од извршените измени и дополнувања се заменува и графичкиот приказ (органограм) на внатрешната организација на општината, што е во Прилог на оваа одлука.

Член 8

Оваа Одлука може да се измени и дополни на начин и постапка како и при нејзиното донесување.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 09-2300/1
27.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија.“ бр.5/2002) и член 23, став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 61/2004, 96/2004, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22 ) ,член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РСМ“ бр.203/2022 и 59/2023 ,член 93 став 1 и 2 од Законот за административни службеници (“Службен весник на Република Македонија”бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 ,14/20,215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на

Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Сл.весник на РСМ“ бр. 51/20 и 172/21),Колективниот договор на општина Кочани од 2022година и Статутот на Општина Кочани, Советот на Општина Кочани на 40-тата седница одржана на ден 27.12. 2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за извршување на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година

Член 1

Буџетот на Општина Кочани за 2024 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: општ, посебен и развоен дел:

- општиот дел ги содржи вкупните приходи и другите приливи и вкупните расходи и другите одливи на буџетот за фискалната година, како и глобални проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години.
- посебниот дел содржи план на одобрените средства на буџетските корисници по програми, потпрограми и ставки за фискалната година и
- развојниот дел ги содржи плановите на програмите за развој на буџетските корисници по програми и потпрограми и среднорочните проекции на одобрените средства.

Планот на програмите за развој се ревидира секоја година.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземаат обврски.

За да се преземат нови обврски, до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределба во тековната година, со исклучок за спроведување на налози за присилна наплата.

Член 5

Одобрените средства за плати, наемнини и надоместоци, на ниво на ставка во рамки на Буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

Член 6

За извршување на Буџетот е одговорен Градоначалникот на Општината.

Член 7

Општината за користење на средствата на Буџетот, доставува годишни и квартални финансиски планови по сметки, по програми и по расходни ставки.

Општината води евиденција на преземените обврски, која опфаќа

пријавување, промена и поништување на пријавените превземени обврски, согласно со прописите за трезорско работење.

За измените, проширувањата или пренамените во Буџетот на Општината, одлучува Советот на Општината.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 8

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџет на заеми, буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 9

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 10

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот и тоа:

- плата за избраните и именуваните лица во Општината се утврдува само за Градоначалникот и тоа според законски утврдените коефициенти и истиот изнесува 3,20, а основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.;

- вредноста на бодот за платите на државните службеници се утврдува врз основа на посебна Одлука за утврдување на вредноста на бодот на државните службеници донесена од страна на Советот на Општината и

- на вработените во ТППЕ и општинската администрација кои немаат статус на државни службеници и на вработените во општинските јавни установи кои се финансираат со блок дотации од Буџетот на РСМ,платите ке се исплаќаат согласно Законот за исплата на плати во Република Македонија, Правилникот за плати,надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација и колективните договори со ресорните министерства.

Член 11

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.
Висината на дневниците за службени патувања во земјата се исплатува во висина од 700 денари и тоа за секои поминати од 08-12 часа половина дневница (400 денари) и цела дневница од 12,01-24 часа цела дневница (700 денари).
За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

Член 12

Во случај на непрекинато боледување подолго од 6 месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна просечна нето плата исплатена кај работодавачот.

Во случај на потешки последици од елементарни непогоди, работодавачот може на вработениот да му исплати парична помош, најмалку во висината на една основица од просечна нето плата во Република Северна Македонија.

Член 13

Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од 30.000,00 денари.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и децата земени на издржување) му се исплаќа парична помош во висина од 15.000,00 денари.

Надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

Член 14

Вработен кој заминува во пензија, има право на испратнина во висина од две основици од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци.

Член 15

Исплата на име надомест за регрес за одмор ке се врши од програма – Општинска администрација – Е0, програма – Против пожарна заштина-W0, расходно конто 404110 - Надомест за годишен одмор на основа на донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од најмалку 60% од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните 3 месеци,под услов вработениот да работел најмалку шест (6) месеци во календарската година кај работодавачот.

Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината,а најдоцна до крајот на тековната година.

Правото на регрес за годишен одмор има и вработениот кој во текот на календарската година се вработил кај друг работодавач.

Член 16

За непрекината работа кај работодавачот вработениот во општината има право на јубилејна награда за навршени 10,20,30 и 40 години кај работодавачот.

Член 17

Исплатата на плати на локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Буџетските корисници од локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации од општинскиот Буџет се задолжени два дена пред исплатата на плати до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат образсците ПДД-МП И МП-1, копија од рекапуталацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, како и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, е-маил и друго), за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираар од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Во случај на нови вработувања буџетските корисници од локалните јавни установи се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

По извршената контрола согласно планираните средства во Буџетот на Општината,Градоначалникот на Општината, одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотацијата.
Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.
Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации ке се дава за:
- Вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на РМ за тековната фискална година, согласно член 51 став 1 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување ке даде Министерството за финансии, врз основа на барање од надлежното Министерство.
- Вработување за кои се обезбедени средства во Буџетот на Општината за тековната фискална година за што, согласно член 51, став 3 и 4 од Законот за буџетите писмено известување ке даде Градоначалникот на Општината.
- Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства од буџетот на општината.
- Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.
- Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата,образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на РСМ за тековната фискална година,писмено известување ке даде министерството за финансии,врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација,и
- Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 18

Месечниот надоместок за присуство на седници на советот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година,утврден во Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката.
Надоместокот за присуство на седници на совет е 60% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година,а на претседателот на совет за раководењето и организирањето на работата на советот, надоместокот се зголемува за 30%.
Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот. Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 19

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се врши со фактури и времени ситуации во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.
Набавката на стоки и вршењето услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 6.000 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 20

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот.
По исклучок од ставот еден на овој член, за користење на средствата од резервите во износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.
За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Член 21

Поврат на јавни приходи се врши во случај кога се работи за погрешно, повеќе уплатени односно наплатени јавни приходи, како и уплатени средства по кои не е настанато правно дејство.
Повратот од став 1 од оваа точка се врши првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 22

Средствата утврдени во поделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи,стоки и услуги.

Член 23

Буџетот на Општина Кочани се извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

Член 24

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01 јануари 2024 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

\- Бр. 09-2306/1
27.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Согласно член 20 од Законот за платен промет („Службен весник на Република Мекедонија“ бр.113/07,22/08,159/08,133/09,145/10,35/11,11/12,59/12,166/12,170/13,153/15,199/15 , 193/17 и 7/19 и Службен весник на Република Северна Македонија”бр.31/20 и 39/22 ), Советот на Општина Кочани на 40-та седница одржана на ден 27.12.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за висината на девизен и денарски благајнички максимум за 2024 година

Член 1
Девизниот благајничкиот максимум за 2024 година се утврдува во износ од 1.000 евра.

Член 2
Денарскиот благајничкиот максимум за 2024 година се утврдува во износ од 20.000 денари.

Член 3
Остварениот прилив на парични средства во благајната по која и да било основа ќе се уплатува на трезорската сметка истиот ден или најдоцна наредниот ден.
Плаќањето на производи и услуѓи во готово не може поединечно да биде повеќе од 6.000 денари.

Член 4
Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“, а ќе се применува од 1 јануари 2024 година.

Бр. 09-2307/1
27.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија``бр 27/14,199/14, 48/15,154/15,5/16,142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија`` бр.275/19,14/20,215/21 и 99/22), Советот на Општина Кочани, на 40-та седница одржана на 27.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година

Член 1
Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 година изнесува 81,6 денари.

Член 2
Ова одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2024 година.

Бр. 09-2308/1
27.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 10 став 4 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11, 162/12,

95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 27.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр.11122 КО Кочани и КП бр.681/2 КО Пантелеј, кои се изградени надвор од плански опфат.

Член 1

Се утврдува проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр.11122 КО Кочани и КП бр.681/2 КО Пантелеј, кои се изградени надвор од плански опфат.

Член 2

1.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден обејкт со намена индивидуална станбена зграда (А1-1), означена како зграда 23, изграден на КП бр. 11122 КО Кочани запишана во Имотен лист бр. 1 за КО Кочани.

2.Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден обејкт со намена викенд куќа (А4-3), означен како зграда 1, изграден на КП бр. 681/2 КО Пантелеј запишана во Имотен лист бр. 250 за КО Пантелеј.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

-

Бр. 09-2310/1
27.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 131, став 2, точка 3 од Законот за води ("Службен весник на РМ", број 87/2008, 06/2009, 161/2009, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.12.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за определување крајбрежен појас на Кочанска Река и водотеци опфатени со Детален урбанистички план за ГЧ 6 од ГУП на град Кочани

Член 1

Со оваа одлука се определува широчината на крајбрежен појас на Кочанска река и 5 водотеци опфатени со Детален урбанистички план за ГЧ 6 од ГУП на град Кочани, заради заштита и одржување на природното корито и брегот на водотекот.

Член 2

"Кочанска Река" од стационажа км. 0+000.00 до стационажа км. 2+763.45, определена со граничните точки Т1: Y=7617467.72, X=4642846.47 и Т2: Y=7617574.0884 X=4642117.9708, со ширина на крајбрежен појас од најмалку 3м. од двете страни.

Водотек 1 од стационажа км. 0+000,00 до стационажа км. 0+127,89, определен со граничните точки Т1: Y=7617218.2385, X=4644202,4536 и Т2: Y=7617339,5295 X=4644243.4714, со ширина на крајбрежен

појас од најмалку 3м. од двете страни.

Водотек 2.1 од стационажа км. 0+000,00 до стационажа км. 0+198,73, определен со граничните точки Т1: Y=7617002.0584, X=4643686,4056 и Т2: Y=7617097.,2821, X=4643538.2269, со ширина на крајбрежен појас од најмалку 3м. од двете страни.

Водотек 2.2 од стационажа км. 0+000,00 до стационажа км. 0+135,97, определен со граничните точки Т1: Y=7616933.,9386, X=4643523.6475 и Т2: Y=7617054,4164 X=4643572.3743, со ширина на крајбрежен појас од најмалку 3м. од двете страни.

Водотек 3 од стационажа км. 0+000,00 до стационажа км. 0+225,15, определен со граничните точки Т1: X= 7616648,8385, Y=4643088,7883 и Т2: Y=7616703,8072, X=4642905,9910, со ширина на крајбрежен појас од најмалку 3м. од двете страни.

Водотек 4 од стационажа км. 0+000,00 до стационажа км. 0+720,55, определен со граничните точки Т1: X Y=7616436,5956, X=4643205,8831 и Т2: Y=7616844,9034 X=4642653,7111, со ширина на крајбрежен појас од најмалку 3м, од двете страни.

Водотек 5 од стационажа км. 0+000,00 до стационажа км. 0+161,36, определен со граничните точки Т1: X1= Y=7616633,2032, X=4643298,6531 и Т2: Y=7616552.9763, X=4643165.1204, со ширина на крајбрежен појас од најмалку 3м. од двете страни.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог Ажурирана геодетска подлога со нанесени регулирани речни корита на водотеците во размер 1:1000.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-2311/1
27.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---


ВОДОТЕК 1
ВОДОТЕК 2
ВОДОТЕК 5
ВОДОТЕК 3
ВОДОТЕК 4
КОЧАНСКА РЕКА

Врз основа на член 131, став 2, точка 3 од Законот за води (“Службен весник на РМ“, број 87/2008, 06/2009, 161/2009, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и “Службен весник на РСМ“ бр.151/21), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.12. 2023 година, донесе

ОДЛУКА
за определување крајбрежен појас на Кочанска Река и водотеци опфатени со Детален урбанистички план за ГЧ 14 од ГУП на град Кочани

Член 1

Со оваа одлука се определува широчината на крајбрежен појас на Кочанска река и водотеци опфатени со Детален урбанистички план за ГЧ 14 од ГУП на град Кочани, заради заштита и одржување на природното корито и брегот на водотекот.

Член 2

„Кочанска Река” од стационажа км. 0+000.00 до стационажа км 1+586,12, определена со граничните точки Т1: Y=7617574.0884, X=4642117.9708 и Т2: Y=7616877.8269, X=4640746.4435, со ширина на крајбрежен појас од најмалку 3,0м на левата страна и од 3,0-10м на десната страна од коритото на реката.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог Ажурирана геодетска подлога со нанесени регулирани речни корита на водотеците во размер 1:1000.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-2312/1
27.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев



Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и член 31 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2004, 96 /2004,67/07,156/09,47/11,192/15 и 209/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19,53/21,77/21, 150/21 и 173/2022 ), Советот на Општина Кочани на 23- тата седница одржана на 27.12.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Годишен извештај за користење на средствата од резервите во Буџетот на Општина Кочани за 2023 година

I

Се усвојува Годишниот извештај за користење на средствата од резервите во Буџетот на Општина Кочани за 2023 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-2309/1
27.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 27.12.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за задолжување на КЈП „Водовод“ - Кочани

I.

Се задолжува КЈП „Водовод“ - Кочани да изврши усогласување на Одлуката за утврдување на единечни цени за изнесување и депонирање на сметот по м2, бр.0202-631 од 16.11.2005 година, со Методологијата за пресметување на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпад.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-2313/1
27.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

# СОДРЖИНА

1.Буџет на општина Кочани за 2024 година, Бр. 09-2305/1
Стр.16

2.Одлука за изменување и дополнување на Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на опшштинската администрација на Општината Кочани, Бр.09-2300/1
Стр.19

3.Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година, Бр. 09-2306/1
Стр.25

4.Одлука за висината на девизен и денарски благајнички максимум за 2024 година, Бр. 09-2307/1
Стр.25

5.Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година, Бр. 09-2308/1
Стр.25

6.Одлука за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр.11122 КО Кочани и КП бр.681/2 КО Пантелеј, кои се изградени надвор од плански опфат, Бр. 09-2310/1
Стр.25

7.Одлука за определување крајбрежен појас на Кочанска Река и водотеци опфатени со Детален урбанистички план за ГЧ 6 од ГУП на град Кочани, Бр. 09-2311/1
Стр.26

8.Одлука за определување крајбрежен појас на Кочанска Река и водотеци опфатени со Детален урбанистички план за ГЧ 14 од ГУП на град Кочани, Бр. 09-2312/1
Стр.29

9.Заклучок за усвојување Годишен извештај за користење на средствата од резервите во Буџетот на Општина Кочани за 2023 година, Бр. 09-2309/1
Стр.31

10.Заклучок за задолжување на КЈП „Водовод“ - Кочани, Бр. 09-2313/1
Стр.31